Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2022, до 30.9.2021 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: **Фондација Отворено општество - Македонија**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): **4030999370170**

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. **Чедомир Миндеровиќ број 31, општина Центар**

Застапник: **Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка**

Веб страница: www.fosm.mk

Електронска пошта (e-mail): fosm@fosm.mk и dance.danilovska@fosm.mk

Телефонски број за контакт: **070/327-261**

Лице за контакт: **Данче Даниловска-Бајдевска, програмска директорка**

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

**Наслов на иницијативата**:
Измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување (член 14), со цел жените носители на земјоделски стопанства, регистрирани индивидуални-земјоделки, да се стекнат со право на платено породилно отсуство. Со оваа иницијатива ќе се исправи неправдата за 10.000 жени земјоделки во репродуктивна возраст, а кои не примаат надомест при породилно отсуство.

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Република Северна Македонија е членка на Советот на Европа и ги дели заложбите на Советот за обезбедување на соодветно ниво на социјална заштита, особено за најранливите категории граѓан(к)и.
Согласно член 1, став 1 од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2022 година, оваа иницијатива е врзана за стратешкиот приоритет **"обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните".**

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Согласно член 2 од Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2022 година, оваа иницијатива е врзана со стратешките цели **"унапредување на социјалната сигурност,**

**животниот стандард на граѓаните кои се наоѓаат во социјален ризик и подобрување на децентрализацијата на социјалните услуги во локалната самоуправа**; и „**унапредување на правата на работниците и безбедноста на работните места, согласно со меѓународните стандарди**".

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Оваа иницијатива е врзана со кластер **Поглавје 3.23: Правосудство и темелни права,** 3.23.3. **Темелни права**. 8. Антидискриминација и еднакви можности.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Оваа иницијатива за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување (член 14) е со цел жените носители на земјоделски стопанства, регистрирани индивидуални-земјоделки, да се стекнат со право на платено породилно отсуство, со што ќе се заштитат од дискриминација, а ќе се придонесе кон почитување на принципите на владеење на правото и на концептот на социјална држава.**

Имено, заштитата на мајките е фундаментално право на жените работнички кое е предвидено во клучните универзални договори за правата на човекот. Во Универзалната декларација за правата на човекот од 1948 година е наведено дека мајките и децата имаат право на специјална грижа и помош, како и на социјална заштита. Во Интернационалната конвенција за економски, социјални и културни права од 1966 година е вклучена специјална заштита на мајките во текот на одреден период пред и по породувањето заедно со платено отсуство или отсуство со соодветни социјални придобивки. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жени повикува на специјални мерки за гарантирање на заштита на мајчинството, признаено како суштинско и фундаментално право. Исто така, заштитата на мајчинството е од огромно значење за Интернационалната организација на трудот по усвојувањето на првата Конвенција за заштита на мајчинството од 1919 година. Заштитата на мајчинството е проследена со правото на паричен надоместок за време на породилно отсуство, кое право е загарантирано со закодонодавна рамка во многу земји.

Во Република Северна Македонија жената има право на породилно отсуство согласно членот 165 од Законот за работни односи и е предвидено дека вработената за време на бременост, раѓање и родителство има право на платено отсуство од работа во траење од 9 месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе) и следува платено отсуство во период од 15 месеци.

Ваквите права произлегуваат од нивниот статус на осигуреници согласно Законот за здравствено осигурување. Со членот 5 од Законот за здравствено осигурување е уредено дека задолжително се осигуруваат: работници во работен однос кај правно лице, самовработено лице, правни лица кои вршат дејност на јавна служба и државни органи; лица кои имаат краткотрајно вработување согласно со Законот за агенциите за привремени вработувања; државјани на РС Македонија вработени кај странски и меѓународни органи, организации и установи: самовработени лица, како и носители на семејни земјоделски стопанства од втора и трета категорија, согласно со Законот за земјоделство и рурален развој. Во Законот е уредено дека во земјоделски стопанства од втора и трета категорија спаѓаат: а.) семејни земјоделски стопанства со остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност од износот на годишниот нето износ на минималната плата за претходната година, согласно со податоците од Министерството за труд и социјална политика до годишниот износ на минимална основица за пресметка и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување, и б.) семејни земјоделски стопанства и земјоделски стопанства со остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност од годишниот износ на минимална основица за пресметка и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување до остварен годишен нето приход од вршење на земјоделска дејност до 2.000.000 денари.

Со задолжителното здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедува право на основни здравствени услуги под условите утврдени со Законот за здравствено осигурување и право на парични надоместоци и тоа: 1) право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

**Што значи нашата држава има воведено одредби и систем за родителско отсуство по повод раѓање на дете, но во врска со други членови на Законот за здравствено осигурување, односно со членот 14 кој го опфаќа правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство евидентно е дека во листа на осигуреници кои го имаат ова право отсуствува жената носител на семејно земјоделско стопанство.**

Во 2020 година податоците покажуваат дека во Единствениот регистар на семејни земјоделски стопанства, околу 37.000 жени се запишани како носители на семејно земјоделско стопанство. Од податоци добиени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, од активните носители на земјоделски стопанства околу 10.000 се жени во репродуктивна возраст. Овие жени се соочуваат со многу предизвици, и се ставени во исклучително тешка материјална положба при отсуство поради бременост, раѓање или мајчинство, што влијае и на нивната здравствена состојба, а и здравјето на нивните деца.

Цениме дека заштитата на мајчинството е од суштинско значење за унапредување на здравјето, исхраната и благосостојбата на мајките и нивните деца, за постигнување на родова еднаквост на работа, спречување и намалување на сиромаштијата која во нашата држава е најевидентна кај земјоделските работници и унапредување на пристојната работа и за жените и за мажите. **Ова ја прави заштитата на мајчинството приоритетен чекор од сеопфатниот сет на политики за грижа што промовираат економско зајакнување на жените, и им овозможуваат на поединците и општествата да напредуваат, особено од аспект на демографските транзиции**.

Бенефитите за бременост, раѓање и мајчинство што обезбедуваат сигурност во приходите се основна компонента на заштитата на мајчинството. Сепак, тие сè уште не ги опфаќаат сите жени во Северна Македонија: всушност, не сите вработени, работници во формалната економија, се ефективно заштитени со парични надоместоци во случај на мајчинство. **Жените ангажирани во земјоделството иако се регистрирани како носители на семејни земјоделски стопанства со статус на вработен – индивидуален земјоделец со обврска за навремено подмирување на надоместокот за остварување на права од задолжителното здравствено и социјално осигурување, сепак според законската регулатива немаат право право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.**

Поради економските притисоци и недостатокот на сигурност на приходот, повеќето жени ангажирани во земјоделство, не можат да си дозволат значително да го намалат обемот на работа пред и по породувањето, па како последица продолжуваат со работни активности и во доцна бременост или почнуваат со работа прерано по породувањето со што се изложуваат себеси и своите деца на значителни здравствени ризици, како предвремено породување, несакан абортус, и сл.

Од друга страна променетите општествени односи бараат и промени (прилагодувања, осовременувања) на законодавството со донесување на измени или донесување на нови закони со цел да обезбеди рамноправна заштита, правна сигурност и владеење на правото.

**Волјата на Владата и Министерството за здравство со прифаќањето на оваа иницијатива за измени на Законот за здравственото осигурување ќе овозможи заштита на мајчинството, заштита на здравјето на идните мајки и деца, заштита на жените –работници во земјоделскиот сектор од дискриминација, економско јакнење на жените-носители на земјоделски стопанства и социјална правда**.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Овозможување и заштита на мајчинството, заштита на здравјето на идните мајки и деца, заштита на жените –работници во земјоделскиот сектор од дискриминација, економско јакнење на жените-носители на земјоделски стопанства и социјална правда.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Има.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Влада, Национална стратегија за родова еднаквост 2021-2026. Достапна на: https://klimatskipromeni.mk/data/rest/file/download/46b36c51b05829a6042447f89600c491a3462f88a159d488687330150c686131.pdf

Мрежа за заштита од дискриминација, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" МАРГИНИ Скопје, „Како до поголема заштита на самовработените бремени жени и бремените сопруги и животните партнерки на самовработени лица: Предизвиците за усогласувањето на Директивата 2010/41/ЕУ во областа на социјална заштита и надоместоци при мајчинство во Република Северна Македонија". Достапна на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/01/dok-za-javni-politiki-direktiva-za-samovrabotuvanje-fin.pdf

Здружение за рурален развој Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР, Положбата на руралната жена во македонското општество. Достапна на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/05/polozhbata-na-ruralnite-zheni-vo-makedonskoto-opshtestvo-lag-agro-lider.pdf

Потпис на застапникот

Ф. Каранфилова

29/09/2021 година
М.П.

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •